Врз основа на член 104 од Законот за заштита и спасување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 36/04 и 49/04 ), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 9.05.2006 година, донесе

**У Р Е Д Б А**
**ЗА НАЧИНОТ НА ПОДГОТВУВАЊЕТО И СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПОДГОТВЕНОСТА И МОБИЛИЗАЦИЈАТА НА СИЛИТЕ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ**

## I. ОПШТА ОДРЕДБА

Член 1

Со оваа уредба се уредува начинот на подготвувањето и спроведувањето на подготвеноста и мобилизацијата на силите за заштита и спасување во Република Македонија.

## II. НАЧИНОТ НА ПОДГОТВУВАЊЕ НА СИЛИТЕ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Член 2

Начинот на подготвување на силите за заштита и спасување опфаќа планирање и преземање на активности, мерки и постапки за успешно организирање и спроведување на мобилизацијата на силите за заштита и спасување.

Организациски мерки се:

- формирање,организирање и пополнување на составите на силите за заштита и спасување;
- опремување на силите за заштита и спасување со формациски материјално технички средства и опрема;
- одредување и уредување на мобилизациските места и мобилизациските собиралишта на силите за заштита и спасување; и
- воспоставување,уредување и увежбување на курирскиот систем на силите за заштита и спасување со пополна на курири, потребни средства за врски и возила.

Стручни мерки се:

- изработка на мобилизациските планови на силите за заштита и спасување;
- планирање и спроведување на обука, вежби, курсеви и смотри на силите за заштита и спасување;
- запознавање на припадниците на силите за заштита и спасување со обврските при мобилизацијата; и
- запознавање на припадниците на силите за заштита и спасување со мобилизациските места и собиралишта и нивно уредување за потребите на мобилизацијата.

Безбедносните мерки се преземаат и применуваат согласно законот. Припадниците на силите за заштита и спасување безбедносните мерки ги преземаат и применуваат при спроведувањето на активностите.

## III. НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОДГОТВЕНОСТА НА СИЛИТЕ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Член 3

Начинот на спроведување на подготвеноста опфаќа преземање на :

а) Организациски мерки:

- проверка и ажурирање на составите, опременоста, обученоста и готовноста на силите за заштита и спасување;
- проверка на состојбата и функционалноста на материјално-техничките средства и опремата;
- активирање на вработените од Дирекцијата за заштита и спасување; и
- активирање и подготовка на силите за заштита и спасување во државните органи, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установи и служби за извршување на мобилизацијата и нивно преоѓање на работа според планските решенија за заштита и спасување.

б) Стручни мерки :

- ажурирање и проверка на мобилизациските планови на силите за заштита и спасување;
- утврдување на степените на загрозеност, извршителите на активностите, роковите за извршување и потребните средства за извршување на мобилизацијата;
- проверка на курирскиот систем; и
- активирање на соодветни тимови и единици во однос на степенот на загрозеност .

## IV. НАЧИНОТ НА МОБИЛИЗАЦИЈАТА НА СИЛИТЕ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Член 4

Мобилизацијата во смисла на оваа уредба подразбира активности и постапки на учесниците на системот за заштита и спасување, со вклучување на силите и средствата на органите на државна власт, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установи и служби и нивно планско, правовремено и организирано доведување во состојба на подготвеност за извршување на задачи за заштита и спасување на луѓето, материјалните и други добра, санирањето на настанатите штети и отстранување на последиците од природните непогоди, епидемии, епизотии, епифитотии и други несреќи.

Член 5

Согласно планот за мобилизација, активности и постапки преземаат и се активираат:

- Главниот штаб за заштита и спасување на Република Македонија;
- регионалните штабови за заштита и спасување;
- штабовите за заштита и спасување во единиците на локална самоуправа;
- републичките и просторни единици за заштита и спасување;
- трговските друштва, јавните претпријатија, установи и служби од посебно значење за заштитата и спасувањето со своите вработени, материјално-техничките средства и опрема.

Член 6

Мобилизацијата опфаќа и активирањето на силите и средствата за заштита и спасување на загрозените подрачјата, на соседните и други региони, градови и општини, сразмерно на настанатите природни непогоди, епидемии, епизооти, епифититии и други несреќи во согласност со процената на надлежниот орган.

Член 7

Мобилизацијата на силите и средствата за заштита и спасување спрема начинот на објавување и соопштување е јавна, а по обемот може да биде општа или делумна.

Наредбата за мобилизација се соопштува и објавува усмено, преку средствата за врски и преку курирскиот систем со врачување на покани.

Општа мобилизација претставува правовремено, организирано и планско активирање на сите расположиви сили и средства за заштита и спасување на територијата на Република Македонија или некој нејзин дел, заради извршување на задачите за заштита и спасување на населението, материјалните и други добра на загрозените подрачја.

Делумна мобилизација претставува правовремено, организирано и планско активирање на дел од расположиви сили и средства за заштита и спасување на територијата на Република Македонија или некој нејзин дел, во обем кој ги задоволува потребите за извршување на задачите за заштита и спасување на населението, материјалните и други добра на загрозените подрачја.

## 1. Подготовки, организација и извршување на мобилизацијата

Член 8

Мобилизацијата започнува со приемот на наредбата за мобилизација, а завршува со времето одредено во Планот за мобилизација.

Член 9

Наредбата за мобилизација на Командантот на Главниот штаб за заштита и спасување содржи:

- територијата, односно подрачјето на која ќе се изврши мобилизацијата;
- видот на силите за заштита и спасување кои треба да се мобилизираат;
- време на почеток;
- начинот на пренесување на наредбата за мобилизација на извршителите на мобилизацијата на силите за заштита и спасување;
- мерки за безбедност и самозаштита во текот на мобилизацијата;
- мерки за здравствено, сообраќајно, интендантско, материјално-техничко, административно-финансиско и друго обезбедување;
- начин на логистичко обезбедување во текот и по мобилизацијата;
- мерки за кординација и соработка со државните органи, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установи и служби од посебна важност за заштитата и спасувањето и извршувањето на мобилизацијата;
- начинот на воспоставување и одржување на врските;
- известување за текот на мобилизацијата; и
- други прашања, согласно настанатите состојби.

Член 10

Раководењето за време на мобилизацијата се остварува преку штабовите за заштита и спасување и извршителите на мобилизацијата согласно нивните надлежности.

Член 11

Времетраењето на извршувањето за мобилизацијата изнесува за:

- Главниот штаб за заштита и спасување до четири часа;
- за Републичките сили за заштита и спасување до шест часа; и
- за просторните сили согласно плановите за мобилизација, но не подолго од четири часа.

## 2. Планирање на мобилизацијата

Член 12

Организацијата, спроведувањето и извршувањето на мобилизацијата на силите за заштита и спасување се врши согласно планот за мобилизација во кој се содржани:

- упатството за извршување на мобилизацијата;
- прегледот на мобилизациски места и мобилизациски собиралишта;
- списокот на куририте и превозните средства;
- списокот на давателите на материјално техничките средства;
- списокот на припадниците распоредени во тимовите, единиците и штабовите;
- потсетникот за извршување на мобилизацијата за раководниот и командниот кадар и куририте;
- прегледот на формациските и материјално - техничките средства и средствата од пописот и начинот на прием на опремата и средствата;
- мерките за безбедност за време на извршувањето на мобилизацијата;
- начинот на пополна и снабдување на штабовите и единиците за заштита и спасување со обврзниците и материјално техничките средства за време на мобилизацијата.

Член 13

За прифат на луѓето и материјално-техничките средства и опрема се одредува мобилизациско место и мобилизациско собиралиште.

Мобилизациското место се одредува заради ориентација на луѓето и полесно пронаоѓање на мобилизациското собиралиште, се наоѓа во негова близина и е по правило населба или друга земјишна површина.

Мобилизациското собиралиште е реон во кој се прифаќаат и распоредуваат луѓето, се примаат и делат материјално техничките средства и опрема, се информира, организира и изведува обука, смотра, се утврдува пополнетоста и подготвеноста за употреба на силите и средствата за заштита и спасување.

## 3.Обезбедување на мобилизацијата

Член 14

Штабовите за заштита и спасување и извршителите во рамките на планирањето и спроведувањето на мерките и задачите во мобилизацијата, остваруваат соработка и кординација особено со:

- органите на државна власт;
- Центарот за управување со кризи;
- командите и единиците на Армијата на Република Македонија;
- надлежните служби на Министерството за внатрешни работи;
- органите на единиците на локалната самоуправа;
- трговските друштва, јавните претпријатија, установи и служби;
- населението; и
- средствата за јавно информирање.

Член 15

Интендантското обезбедување при мобилизацијата се врши од органите на државна власт, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установи и служби, организации и други правни лица кои поседуваат залихи, односно резерви на соодветни производи, материјално-технички средства и опрема.

Член 16

Техничкото обезбедување при мобилизацијата на Републичките сили за заштита и спасување се врши од сервисна служба чие име, место и начин на работа е утврдена со Планот за мобилизација.

Член 17

Сообраќајното обезбедување при мобилизацијата на републичките сили за заштита и спасување се врши со превозните средства на Дирекцијата за заштита и спасување и од евидентираните превозни средства при Министерството за одбрана.

Член 18

Здравственото обезбедување при мобилизацијата на републичките сили за заштита и спасување се врши во здравствените установи на територијата односно подрачјето на кое се спроведува мобилизацијата.

Член 19

Штабовите за заштита и спасување доставуваат редовни извештаи на Главниот штаб за заштита и спасување секои два часа, на начин и време согласно наредбата на командантот на штабот.

## V. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 20

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 19-1894/1 | Претседател на Владата |
| 9 мај 2006 година | на Република Македонија, |
| Скопје | д-р **Владо Бучковски**, с.р. |